# Програма за безбедносна контрола и преработка за Sony BRAVIA ЛЦД-телевизори

12/10/2011

Почитуван кориснику на Sony,

Неодамна дознавме за потенцијален проблем кој опфаќа многу ограничен број модели на ЛЦД-телевизори BRAVIA кои се достапни за купување во Европа од јуни 2007 година.
Броевите на моделите се:

- KDL-40D3400, KDL-40D3500, KDL-40D3550, KDL-40D3660
- KDL-40V3000, KDL-40W3000, KDL-40X3000, KDL-40X3500

За проблемот дознавме од извештаите во Јапонија дека ограничен број производи можат да содржат компонента која има проблем со квалитетот и во ретки случаи може да се прегрее и да се запали внатре во телевизорот и евентуално да го стопи горниот дел на телевизорот

Досега немаме извештаи за причинета штета на друг имот или физички повреди.
Меѓутоа, како дел од тековната заложба за услуга и задоволство на корисниците, но и како мерка на претпазливост, Sony доброволно започнува програма за бесплатна проверка и, ако е неопходно, бесплатна поправка за да Ве увериме дека овие производи ги задоволуваат Вашите очекувања за висок стандард на квалитетот и безбедноста.
Ако поседувате еден од горенаведените производи, Ве покануваме да контактирате со најблискиот сервисен центар за да договорите контрола на телевизорот BRAVIA.
По Вашето барање, претставник од сервисот на Sony веднаш ќе Ве посети за да го провери телевизорот и ќе го поправи што е можно побрзо ако се работи за погодената компонента.

Телефони за поддршка: (02) 55 11 555

**Важно:** Ако поседувате еден од горенаведените производи и ако забележите некаква неправилна работа (на пр. необичен звук, необичен мирис или чад), веднаш исклучете го телевизорот, исклучете го струјниот кабел, престанете да го користите телевизорот о контактирајте со нас. Веќе утврдивме дека овој симптом не се појавува кога е исклучена струјата.
Во случај да сте засегнати со горенаведените проблеми, искрено се извинуваме за непријатностите што можат да Ви се случат поради овој проблем. Sony постојано се труди да ги подобри стандардите за квалитет на своите производи до највисоко можно ниво. Високо ги цениме Вашето разбирање и соработка.

**Како да го препознаете Вашиот модел на BRAVIA**

1. Од менито за поставки во телевизорот:
   - Притиснете на копчето Menu (Мени) на далечинскиот управувач




**1** Press MENU.
**2** Press ⇧/⇩ to select an option, then press ⊕.
To exit the menu, press MENU.

   - Одете до менито за поставки

   - Во менито за поставки изберете го менито за поставување




   - Изберете информации за производот и притиснете OK за да го потврдите Вашиот модел
2. Од етикетата на задниот дел од телевизорот

   Името на моделот можете да го најдете на задната страна од телевизорот




**<u>Имиња на модели од BRAVIA:</u>**

- KDL-40D3400, KDL-40D3500, KDL-40D3550, KDL-40D3660
- KDL-40V3000, KDL-40W3000, KDL-40X3000, KDL-40X3500